СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# РАБОТАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

## -кратка информација-

Фросина Дониновска Сусинов

Советник – истражувач и аналитичар по современи политички системи

септември 2020 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД .......... 2
I Како се одвива работата на парламентите ? .......... 2
II Правни и процедурални прашања .......... 3
III Технички предизвици од работењето на далечина .......... 3
IV Технички решенија за работење на далечина .......... 3
V Алатки за поддршка на виртуелни седници и сесии .......... 3
VI Безбедносни ризици .......... 4
VII Безбедност и гласање на далечина .......... 4
VIII Барања за мрежна инфраструктура .......... 4
IX Алатки што може да ги користат повеќејазични парламенти .......... 5
X Студија на случај – Албанија .......... 5
ЛИСТА НА ИЗВОРИ .......... 7

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа е анализата на функционирањето на парламентите на земјите членки на Интерпарламентарната унија во услови на пандемијата предизвикана со корона-вирусот.

Целта на оваа истражувачка работа е преку анализа на податоците обезбедени преку центарот за истражување на ИПУ, да се даде преглед како парламентите на земјите членки на ИПУ ја извршуваат својата работа во услови на глобална пандемија.

Како последица на пандемијата со корона-вирусот, парламентите се предмет на истите мерки за јавно здравје и социјално дистанцирање како и училиштата и сите други аспекти на социјалното живеење кои вклучуваат интеракција помеѓу поголема група луѓе. Сепак, во време на криза, улогата на парламентот е поважна од кога и да е, во смисла на донесување закони за итни случаи, издвојување ресурси како и надзор над активностите на владата.

Информациите од оваа анализа се преземени од ИПУ врз основа на истражување и податоци обезбедени од парламентите членки на ИПУ.

Оваа истражувачка работа е изработена по сопствена иницијатива, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I Како се одвива работата на парламентите ?

Согласно податоците добиени од државите членки на ИПУ, изведени се три форми на работа на парламентите во услови на глобалната пандемија предизвикана од корона вирусот:

- Парламентите продолжуваат да се состануваат физички, но со ограничувања. Овие ограничувања може да вклучуваат: намалување на бројот на пленарни седници или комисии; намален број на пратеници и вработени во собраниската служба, во рамките на парламентот, а некои работат од далечина; промени на местото на одржување на седниците, на пример, користење на поголема зграда што овозможува поефикасно социјално дистанцирање.
- Парламентот продолжува да се состанува преку користење на методите на далечина. Техничката инфраструктура за состаноци на далечина е широко достапна преку повеќе онлајн-платформи. Многу парламенти истражуваат опции за работа на далечина. Ова покренува голем број проблеми, вклучително и правната основа за далечинско работење, безбедност и автентикација. Друг фактор е капацитетот на парламентарниот персонал да воспостави нови решенија додека самите се предмет на мерки за социјално дистанцирање.
- Парламентите не одржуваат седници. Ова може да биде случај, на пример, кога парламентот не заседава и така нормално не би се состанувал. Некои парламенти, како што е случајот со Парламентот на Обединетото Кралство, направија пауза, откако гласаа преку бројни итни мерки. Други, како што е Нов Зеланд, ги сменија своите оперативни процедури така што заседава специјален комитет, наместо целиот парламент.

## II Правни и процедурални прашања

Некои парламенти ги менуваат правилниците и процедурите за да овозможат работење на далечина. На пример, Шпанија, Бразил и Албанија ги изменија своите деловници за работа за да им овозможат на пратениците виртуелно присуство. Другите парламенти ги модифицираат своите правилници и деловници за работа за да дозволат виртуелни седници, вклучително и Естонија, Израел и Велика Британија.

Некои парламенти, исто така, ги менуваат кворумските правила за гласање со цел да ги приспособат на гласањето на далечина. На пример, австралискиот устав бара пратениците да бидат „присутни“, што се толкува како „лично присуство“. Парламентите на Естонија, Финска и Норвешка имаат слични правила што можеби ќе треба да се ревидираат.

## III Технички предизвици од работењето на далечина

Далечинското работење во парламентите може да претставува предизвик за ИТ-одделенијата коишто се одговорни за одржување не само на оперативните системи, туку и за спроведување на дополнителна технологија за справување со новите околности. Иако многу ИТ-системи во парламентите можат да бидат поддржани од далечина, ова почесто претставува исклучок отколку правило. Парламентите кои веќе користат *cloud* - базирани алатки за подготовка и управување со документи се во некаков вид на предност.

## IV Технички решенија за работење на далечина

Алатките наведени подолу можат да го олеснат работењето на далечина. Така на пример, виртуелните приватни мрежи (VPN) можат да ги поврзат пратениците и вработените во службата од далечина со постојните парламентарни мрежи кои се хостираат на самата инфраструктура на парламентот. Опциите засновани на cloud може да вклучуваат решенија како Microsoft Office 365, кој ги вклучува сите познати производи на Microsoft Office, како и алатки како SharePoint (за соработка и управување со документи за пристап) и Microsoft teams за соработка и видеоконференција. Парламентот на Обединетото Кралство, Сенатот на Холандија, данскиот Фолкингет и норвешкиот Сторингет, користат Office 365, што го олеснува работењето на далечина. Google Cloud /G-Suite вклучува алатки како што се Google Drive и Hangouts. Парламентот на Бутан на пример користи G-Suite.

## V Алатки за поддршка на виртуелни седници и сесии

Алатки за видеоконференција преку интернет, како што се Zoom, Microsoft Teams (што работи со Skype), Cisco Web Meetings и Google Hangouts се едни од најкористените од страна на парламентите ширум светот. Секоја алатка мора да понуди стабилност, да може да биде домаќин на голем број учесници истовремено и да обезбеди функционалност за модераторот да ги контролира.

На пример, бразилскиот парламент неодамна одржа виртуелен пленум со употреба на Zoom со над 500 поврзани членови.

Jitsi е бесплатна алатка за видеоконференција со отворен извор за помали групи што може да се извршува на cloud или да се распореди на серверот на парламентот. Парламентите кои веќе ги емитуваат своите пленарни седници треба да се осигурат дека сите алатки за видеоконференција можат да бидат интегрирани во нивните постојни системи. Алатките за видеоконференција споменати погоре доаѓаат во верзии базирани на cloud или во рамки на просториите на парламентите. Првото значи дека тие можат веднаш да се распоредат без значителни инвестиции во инфраструктурата, односно серверите на парламентот и со релативно ниска цена. Второто се однесува на условите на самата инфраструктура - сервери во парламентот и затоа е потребно повеќе време да се имплементира, но од аспект на безбедност, може да биде доста побезбедна.

## VI Безбедносни ризици

Безбедноста подразбира критичка анализа на секоја апликација избрана за поддршка на работата на парламентот. Развојот на внатрешни домашни алатки е еден од начините за ублажување на безбедносните ризици; сепак, за ова да се реализира, потребно е повеќе време. Доколку се користи решение во форма на cloud, парламентите треба да разберат каде се складираат податоците; ако е надвор од парламентарен или владин cloud или е надвор од нивната надлежност, дали сите безбедносни и правни импликации биле разгледани?

## VII Безбедност и гласање на далечина

Постојат важни безбедносни проблеми околу гласањето. На пример:

• Како да се осигура дека тие кои што гласаат се токму пратениците?

Во Бразил, пратениците мора да имаат регистриран уред со внатрешна апликација што се користи за гласање.

• Како да се осигура дека можат да гласаат сите членки?

Шпанскиот парламент користи алатка за далечинско гласање што обезбедува функција за асинхроно гласање.

## VIII Барања за мрежна инфраструктура

Со цел функционирање на гласањето на далечина, потребна е брза и сигурна интернет-врска. Ова може да претставува проблем во некои парламенти и за некои пратеници, кои можеби немаат пристап до интернет или ги немаат потребните технички вештини. Второ, оптоварувањето на националната инфраструктура и серверите за апликации базирани на cloud, исто така, може да претставува проблем. Со оглед на тоа што побарувачката за алатки за видеоконференција е многу голема, потребно е да се побараат гаранции во врска со времето на работа и сигурноста пред истата да се набави.

Парламентите треба да ги разгледаат прашањата за пристап и доверливост на контактите на членовите при спроведување на решенија за работа на далечина. Онаму каде што ова не може да се гарантира, можеби е препорачливо да се користат асинхрони методи за споделување документи и гласање.

## IX Алатки што може да ги користат повеќејазични парламенти

Алатката за видеоконференции Zoom овозможува интерпретација, а истото го овозможува и Cisco Web Meeting. Исто така, постојат некои специјализирани платформи и провајдери на Интернет за повеќејазично толкување, како што се Interprefy, Interactio и Kudo.

## X Студија на случај – Албанија

Во Собранието на Република Албанија, пленарните седници се одржуваат во Салата за пленарни седници, каде пратениците се физички присутни, но со почитување на мерките за спречување од ширење на корона-вирусот, преку одржување на растојание и носење на заштитни маски. Состаноците на собраниските комисии се одржуваат онлајн, преку веб-платформата **Cisco Web Meetings.** Присутен во Парламентот е само претседателот на комисијата и службите за поддршка (ИТ, секретарот на комисијата, советникот). Останатите членови на комисијата се поврзуваат преку онлајн-платформата. Гласањето на комисиите е, исто така онлајн, и процедурата се одвива согласно Деловникот на Собранието. Состаноците на комисиите се снимаат и се пренесуваат во живо на официјалната страница на Собранието и на страницата на Фејсбук, како и на каналот на Јутјуб. Деловникот на Собранието е променет годинава за да се усогласи на новонастанатата ситуација поради ковид-19. Додадени се членовите а/5, а/6 и а/7[1].

Изменетите членови од Деловникот за работа на Собранието на Република Албанија се следниве:

### Член а/5

### Седниците во случај на вонредни мерки

Во случај на вонредни мерки што може да се прогласат поради војна, вонредна состојба или поради состојбите од природна катастрофа, пленарните седници и седниците на органите (комисиите) на Собранието може да се одржат и на далечина преку средствата за електронска комуникација. Пленарната седница може да се одржи и со физичко присуство со редуциран број пратеници. Претседателот на Собранието наредува одржување на состаноците на далечина преку средствата за електронска комуникација на Конференцијата на претседателите[2], Бирото на Собранието и Советот за деловникот, мандатите и

[1] https://www.parlament.al/Files/sKuvendi/rregullorja.pdf (пристапено на 9.9.2020)

[2] Конференцијата се состои од Претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, координаторите на парламентарните групи и претседателите на постојаните парламентарни комисии или во нивно отсуство нивните заменици.

имунитетот. Конференцијата на претседателите одлучува за одржување на состаноците на далечина преку средствата за електронска комуникација или со ограничен број пратеници во пленарната сала. Во случаите на одржување на состаноците на далечина преку средствата за електронска комуникација, наведени во овој член, ќе се почитуваат колку што е можно процедуралните правила предвидени во Деловникот.

**Член а/6**

**Гласањето во случај на вонредните мерки**

Во случај на вонредни мерки, гласањето може да биде и преку средствата за електронско комуницирање, обезбедувајќи идентификација на пратениците, според правилата определени од Претседателот на Собранието за: Конференцијата на претседателите, Бирото на Собранието и Советот за деловникот, мандатите и имунитетот и за Конференцијата на претседателите за парламентарните комисии и пленарната седница. Во случај на вонредни мерки, кога на пленарна седница пратениците се физички присутни, гласањето се врши според правилата определени од Претседателот на Собранието.

**Член а/7**

**Скратена постапка за разгледување на предлог-законите во случај на вонредни мерки**

Во случај на вонредни мерки, Собранието, по барање на Советот на Министрите или една петина од вкупниот број пратеници може да разгледува со скратена постапка повеќе од еден предлог-закон во тринеделен календар и повеќе од 3 предлог-закони во деветнеделен календар.

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. How to run a parliament during a pandemic: Q and A. Интра Парламентарна Унија.https://www.ipu.org/news/news-in-brief/2020-04/how-run-parliament-during-pandemic-q-and
2. Служба за парламентарни истражувања. Парламент на Република Албанија.
3. https://www.parlament.al/Files/sKuvendi/rregullorja.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој
ги користи
услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од
корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому
му се поднесува
барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот,
истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот
при добивањето на барањето и во текот на изработката на
истражувачката работа)
Какви услуги
и препорачан
минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-тематски преглед 5
-хронолошки преглед 5
-статистички/квантитативен преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат
истражувачките
работи?
истражувачките работи се од информативна
природа, политички неутрални и објективни, се
фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту
сугерираат решенија
Што
не може да
биде
побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во
Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070 409-544
070 320-341
070 320-349
070 320-348